# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 3 04.04.2023, вторник

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на општина Валандово:**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Одлуката за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.515/4 КО Раброво……………………………………..2
**2.Одлука** за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.515/4 КО Раброво…………2
**3.Решение** за објавување на Одлуката за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово………3
**4.Одлука** за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово…………………………………………...3
**5.Решение** за објавување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година……………………………………………………………4
**6.Одлука** за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година………………………..4
**7.Решение** за објавување на Одлука за одобрување на средства на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за реализирани активности по повод патрониот празник……………………………………………...4
**8.Одлука** за одобрување на средства на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за реализирани активности по повод патрониот празник……………………4
**9.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово……………………5
**10.Одлука** за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово……………………………………………………….5
**11.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Женски фудбалскиот клуб „ЖФК Победа 16" Валандово
**12.Одлука** за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Женски фудбалскиот клуб „ЖФК Победа 16" Валандово……………………………….5
**13.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства на КУД „МЛАДОСТ" с.Јосифово за покривање на патни трошоци за учество на Меѓународен фолклорен фестивал „Изхалкдан 2023" во Изник - Никеја, Република Турција…………………………………………………………...6
**14.Одлука** за одобрување на средства на КУД „МЛАДОСТ" с.Јосифово за покривање на патни трошоци за учество на Меѓународен фолклорен фестивал „Изхалкдан 2023" во Изник - Никеја, Република Турција…6
**15.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности во натпреварувачката сезона 2022/23 година……………...…6
**16.Одлука** за одобрување на средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности во натпреварувачката сезона 2022/23 година……………………………………………………………6
**17.Решение** за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во Општина Валандово…………………………………………………….7
**18.Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во Општина Валандово…………………………………………...7

**19.Решение** за објавување на Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово……………………………...7
**20.Одлука** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово……8
**21.Решение** за објавување на Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово…………………8
**22.Одлука** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово……………………………………………………8
**23.Решение** за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово…………………………9
**24.Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово…………………………………………………....9
**25.Решение** за објавување на Планот за измена на годишниот план за вработување на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2023 година…………………………..9
**26.Заклучок** за усвојување на Планот за измена на годишниот план за вработување на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2023 година…………………………..9
**27.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 и 2024 година...10
**28.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 и 2024 година…………………………10
**29.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 и 2024 година…10
**30.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 и 2024 година…………………………11
**31.Решение** за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година……………………11
**32.Програма** за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година……………………………………………………..……11
**33.Решение** за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2023 година…………………………………………………11
**34.Програма** за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2023 година……..12
**35.Решение** за објавување на Правилникот за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето…………………
**36.**Правилник за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето…………………………………………………

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.515/4 КОРаброво**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.515/4 КО Раброво, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-382/2 | Градоначалник |
| 03.04.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 3 став 2, член 22,23,24,25,26,27,28,29 и 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10, во врска со член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 32 и член 89 од Статутот на Општина Валандово, на предлог на Градоначалникот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница одржана на ден 27.03.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.515/4 КО Раброво**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за продажба на недвижна ствар - објект сопственост на Општина Валандово и се регулира начинот, постапката и продажната вредност на објектот.

**Член 2**

Недвижниот имот предмет на оваа одлука се наоѓа на КП 515/4 КО Раброво и се состои од:

Лист Б

- КП.бр.515/4 в.м. Рудник, кат.култура 50000 1, со вкупна површина од 245 $м^2$;

Лист В

- КП.бр.515/4, објект 1, намена Деловна зграда во стопанство, викано место Рудник, влез 001, кат 01, стан 000 со вкупна површина од 211 $м^2$;
- КП бр.515/4, објект 1, намена Деловна зграда во стопанство, викано место Рудник, влез 001, кат ПО, стан 000 со вкупна површина од 201 $м^2$;
- КП бр.515/4, објект 1, намена Деловна зграда во стопанство, викано место Рудник, влез 001, кат ПР, стан 000 со вкупна површина од 201 $м^2$;

- КП бр.515/4, објект 1, намена Лоѓии, балкони и тераси, викано место Рудник, влез 001, кат 01, стан 000 со вкупна површина од 8 м$^2$;
- КП бр.515/4, објект 1, намена Лоѓии, балкони и тераси, викано место Рудник, влез 001, кат ПР, стан 000, со вкупна површина од 8 м$^2$, запишени во Имотен лист 585 КО Раброво со право на сопственост на Општина Валандово.

**Член 3**

Продажбата на недвижниот имот од член 2 од оваа Одлука ќе се изврши согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, преку електронскиот систем за јавно наддавање при располагање со движни и недвижни ствари (Е-ствари), со проценета пазарна вредност, согласно Извештајот за процена на недвижен имот од Трговец поединец за вештачење и процена д-р Анастас Ѓорѓи Џуровски ТП Ресен од 24.03.2023 година.

**Член 4**

Почетната цена за продажба изнесува 6.105.623,00 денари, цената е утврдена согласно Методологијата за утврдување на проценетата пазарната вредност на недвижен имот.

**Член 5**

Постапката за продажба на предметниот недвижен имот ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, формирана со Решение на Градоначалникот на Општина Валандово број 09-977/1 од 25.10.2022 година во својство на Комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Валандово.

**Член 6**

По извршениот избор на најповолен купувач, Градоначалникот на Општина Валандово ќе склучи договор со кој ќе бидат утврдени меѓусебните права и обврски за продажба на објектот, кој ќе биде солемнизиран на Нотар.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово" .

Бр.08-31/2 — Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/3 — Градоначалник
03.03.2023 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

---

Врз основа на член 3 став 2, член 42 став 1, член 46, 47, 48, 49 и 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ" бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10, во врска со член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 32 и член 89 од Статутот на Општина Валандово, на предлог на Градоначалникот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово**

**Член 1**

Да се изврши продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово и тоа:

| **Марка на возило** | **AVTOBUS IKARUS Тип: IK 115-B** |
|---|---|
| Број на шасија | 0390085/0280 |
| Број на мотор | D2356HM6U/1011583/682 |
| Година на производство | 1985 |
| Сила на мотор (KW) | 162 |
| Маса на празно возило во кг. | 9100 |
| Проценета вредност | 123.000,00 |

| **Марка на возило** | **AVTOBUS FAP Тип: SANOS 115 GNR** |
|---|---|
| Број на шасија | 21037 |
| Број на мотор | 040875 |
| Година на производство | 1990 |
| Сила на мотор (KW) | 177 |
| Зафатнина на мотор (cm$^3$) | 11040 |
| Проценета вредност | 129.150,00 |

**Член 2**

Продажбата на движните ствари од член 1 од оваа Одлука ќе се изврши согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, преку електронскиот систем за јавно наддавање при располагање со движни и недвижни ствари (Е-ствари), со проценета вредност, согласно Извештајот за процена на движен имот од Трговец поединец за вештачење и процена д-р Анастас Ѓорѓи Џуровски ТП Ресен од 24.03.2023 година.

**Член 3**

Почетната цена за електронското јавно надавање преставува проценетата пазарна вредност назначена во табелите од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Постапката за продажба на предметниот движен имот ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, формирана со Решение на Градоначалникот на Општина Валандово број 09-977/1 од 25.10.2022 година во својство на Комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Валандово.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово" .

Бр.08-31/3 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/4 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ" бр.64/2005, 4/2008, 103/208, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ бр.151/21"), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Пот. и опис на потставка | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|

**Се зголемуваат приходите на следните потставки:**

**N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 742114 Приходи од Европска унија | 0 | 0 | 2.985.000,00 | 0 |
| | **0** | **0** | **2.985.000,00** | **0** |

**и се распоредуваат на следните расходни потставки**

**N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 420220 Патување во странство-патни расходи | 0 | 0 | 280.000 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјал | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 423610 Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 423310 Униформи | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| 425760 Превозни услуги | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 145.000 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 0 | 2.220.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **2.985.000** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово" и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година.

Бр.08-31/4 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за реализирани активности по повод патрониот празник**

**СЕ ОБЈАВУВА,** Одлуката за одобрување на средства на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за реализирани активности по повод патрониот празник, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/6 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово,

Советот на Општина Валандово, на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за реализирани активности по повод патрониот празник**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари, финансиска помош на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово како финансиска поддршка на училиштето за реализираните активности по повод патрониот празник на училиштето а воедно и прослава на 60 годишниот јубилеј.

**Член 2**

Одобрените средства од точка 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма К4 - Културни манифестации и творештво, ставка 464 - други трансфери, на Буџетска сметка на самофинансирачки активности на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово број 7080106815778719, програма Н1, приходно конто 725939, останати неданочни приходи.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-31/6 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/7 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Победа" Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари, на ФК „Победа" Валандово, за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Победа" Валандово, број 200001634535837 депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-31/7 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Женски фудбалскиот клуб „ЖФК Победа 16" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмските активности на Женски фудбалскиот клуб „ЖФК Победа 16" Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/8 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства за реализација на програмски активности на „ЖФК Победа 16“ Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари, на ЖФК „Победа 16“ Валандово, за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на ЖФК „Победа 16“ Валандово, број 210071349240146 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-31/8 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово за покривање на патни трошоци за учество на Меѓународен фолклорен фестивал „Изхалкдан 2023“ во Изник - Никеја, Република Турција**

**СЕ ОБЈАВУВА,** Одлуката за одобрување на средства на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово за покривање на патни трошоци за учество на Меѓународен фолклорен фестивал „Изхалкдан 2023“ во Изник - Никеја, Република Турција, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/9 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово за покривање на патни трошоци за учество на Меѓународен фолклорен фестивал „Изхалкдан 2023“ во Изник - Никеја, Република Турција**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари, на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово, Валандово за покривање на патните трошоци за учество на Меѓународен фолклорен фестивал „Изхалкдан 2023“ во Изник - Никеја, Република Турција.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 - Останати трансфери до невладини организации, на сметка на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово ЕДБ 4003991100591, број на сметка 200000004651336, депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-31/9 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности во натпреварувачката сезона 2022/23 година**

**СЕ ОБЈАВУВА,** Одлуката за одобрување на средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности во натпреварувачката сезона 2022/23 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/10 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово,

Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности во натпреварувачката сезона 2022/23 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари, на Училишен спортски клуб Валандово, за реализација на програмски активности во натпреварувачката сезона 2022/23 година.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на Училишниот спортски клуб „Валандово“ број 240220002219572 депонент УНИ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-31/10 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА,** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/11 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62, а во врска со член 55, став 1 точка 4 од Законот за јавните патишта („Сл.весник на РМ“ 84/08, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 52/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Сл.Весник на СРМ“ 174/21), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002”) и член 21 став 1 точка 5 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема, во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во Општина Валандово**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема, во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во Општина Валандово бр.08-96/9 од 30.09.2022 година („Службен гласник на Општина Валандово“ бр.8/22), се вршат следните измени и дополнувања:

- Во членот 7, по ставот 1 се додаваат нови става 2 и 3 кои гласат:

“(2) По исклучок, инвеститорот може да биде ослободен од надоместокот предвиден во став 1 од овој член, доколку превземе обврска да го врати во првобитна состојба оштететениот дел од патот и објектите на патот, по претходно склучен договор со Општина Валандово.”

“(3) Доколку во рок од 3 месеци од денот на настанатата штета на патот односно објектот на патот, инвеститорот не го врати оштетениот дел во првобитната состојба, Општина Валандово го задржува правото да побара од инвеститорот да го исплати надоместокот од став 1 зголемен за 30% а настанатата штета да ја поправи на сопствен трошок”.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Валандово”.

Бр.08-31/11 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА,** Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/17 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 44 став 3 и 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово а имајќи ја во предвид Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово од Владата на Република Северна Македонија бр.41-2136/5 од 21.03.2023 година, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Валандово прима на трајно користење без надомест движни ствари од Владата на Република Северна Македонија, согласно Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово, а за потребите на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово бр.41-2136/5 од 21 март 2023 година и тоа:

| Реден број | Назив и опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|
| 1. | Лабораториска маса за наставник<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 850х1800х1200 мм | 1 |
| 2. | Елемент со мијалник<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 850х600х600 мм | 4 |
| 3. | Плакар за чување хемикалии<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 1950х1200х600 мм | 1 |
| 4. | Плакар за чување опрема<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 1950х1200х600 мм | 1 |
| 5. | Метален плакар<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 1950х800х500 мм | 1 |
| 6. | Маса за ученици<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 750х1800х600 мм | 8 |
| 7. | Лабораториско столче<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Надворешна димензија: Ф-400 мм | 21 |

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука, Општина Валандово ги дава на трајно користење без надомест на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи Договор за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари од член 1 на оваа Одлука со Министерот за образование и наука со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-31/17 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/18 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 44 став 3 и 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово а имајќи ја во предвид Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово од

Владата на Република Северна Македонија бр.41-2136/6 од 21.03.2023 година, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Валандово прима на трајно користење без надомест движни ствари од Владата на Република Северна Македонија, согласно Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово, а за потребите на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово бр.41-2136/6 од 21 март 2023 година и тоа:

| Реден број | Назив и опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|
| 1. | Лабораториска маса за наставник<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 850x1800x1200 мм | 1 |
| 2. | Елемент со мијалник<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 850x600x600 мм | 4 |
| 3. | Плакар за чување хемикалии<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 1950x1200x600 мм | 1 |
| 4. | Плакар за чување опрема<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 1950x1200x600 мм | 1 |
| 5. | Метален плакар<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 1950x800x500 мм | 1 |
| 6. | Маса за ученици<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Димензии: 750x1800x600 мм | 8 |
| 7. | Лабораториско столче<br>Производител: Технокооп ДОО Скопје<br>Надворешна димензија: Ф-400 мм | 21 |

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука, Општина Валандово ги дава на трајно користење без надомест на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи Договор за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари од член 1 на оваа Одлука со Министерот за образование и наука со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-31/18 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА,** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/19 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 31/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово, за време на Велигденските празници (14, 15 и 16.04.2023 година), ГО ПРОДОЛЖУВА работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, за два часа.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-31/19 Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на План за измена на годишниот план за вработување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА,** План за измена на годишниот план за вработување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-382/13 | Градоначалник |
| 03.04.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 и 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесеттата редовна седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на ЈП "Комунален сервис" Валандово за 2023 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Измената на Годишниот план за вработување на ЈП "Комунален сервис" Валандово за 2023 година, усвоен со Одлука од Управен одбор бр.02-249/2 од 24.03.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-31/13 | Совет на Општина Валандово |
| 31.03.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 и 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучок за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 и 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-382/14 | Градоначалник |
| 03.04.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 и 2024 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 и 2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово под бр.02-249/5 од 24.03.2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-31/14 | Совет на Општина Валандово |
| 31.03.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 и 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА,** Заклучокот за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2023 и 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-382/15 | Градоначалник |
| 03.04.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,

6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 и 2024 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2023 и 2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово под бр.02-249/4 од 24.03.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-31/15 | Совет на Општина Валандово |
| 31.03.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-382/12 | Градоначалник |
| 03.04.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 40 став 1 во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр. 32/20”), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002”), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово и точка Г од Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година („Сл.гласник на Општина Валандово бр.12/22), Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, по точка Г се додаваат две нови подточки Г1 и Г2, кои гласат:

„Г1: Се започнува постапка за донесување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за електричен кабел од 10(20) kV, КП 898 и КП 263/2, во КО Раброво, од новопланирана трафостаница на КР 385 КО Раброво до проклучна точка на ЕВН, во општина Валандово со површина од 0,04 ха. согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ 32/2020),“ по иницијатива поднесена од Друштво за производство, трговија и услуги ВАТ Енерџи ДОО Скопје.

Финансирањето на изработката на урбанистичките проекти со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект“.

„Г2: Се започнува постапка за донесување на Детален урбанистички план (ДУП) за Урбан Блок 1.4, дел од УЕ 1 во Валандово согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ 32/2020), по иницијатива поднесена од ДГПТУ БС Билдинг ДОО Гевгелија.

Финансирањето на изработката на деталниот урбанистички план со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот план“.

**Член 2**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Валандово”.

| | |
|---|---|
| Бр.08-31/12 | Совет на Општина Валандово |
| 31.03.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА,** Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на

дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/16 Градоначалник
03.04.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и “Службен весник на РСМ“ бр.257/20), член 22 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 9 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2023 година**

**I.** Вовед

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и “Службен весник на РСМ“ бр.257/20) каде е уредено дека Советите на општините по претходно мислење на надлежниот центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан донесуваат програми за спроведување на општите мерки за заштитата на населението од заразни болести на своето подрачје.

Заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Р.С.Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Во овие мерки вклучуваат:

**1.** Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
**2.** Отстранување на отпадните води и цврстите материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;
**3.** Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);
**4.** Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
**5.** Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
**6.** Одржување на комуналната хигиена.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување на заразни болести;
4. Епидемолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;
6. Карантин и здравствен надзор;
7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
7. Имунизација и хемиопрофилакса;
8. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисија за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

**II.** Активности

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Валандово.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Валандово, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица.

За заштита на населението од заразни болести во Општина Валандово, во 2023 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

**1.** Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;

**2.** Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи;
**3.** Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;
**4.** Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено-технички мерки во населени места и други јавни површини;
**5.** Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
**6.** Одржување на комуналната хигиена.

1.1 <u>Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата</u>

Општина Валандово и во 2023 година генерално ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравстено исправана вода за пиење.

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи во Општина Валандово во 2023 година, предвидено е изградба на цевковод од каптажа до новиот резервоар со должина од 3.888 метри и водоводна мрежа во село Калково со цевковод во должина од 5.540 метри.

Отпочнато е со изградба на нов резервоар во Калково со зафатнина на мокра комора од од 150 м$^2$. Отпочната е и изградбата на доводен цевковод од резервоарот до секундарната мрежа во селото, со должина од 1.072 метри.

Директната грижа околу функционирањето на системите за водоснабдување во населените места и одржувањето на здравствената исправност на водата за пиење е на субјектите кои стопанисуваат со системите за водоснабдување, ЈП „Комунален сервис“ Валандово и Месните Заедници.

Притоа Општина Валандово и во 2023 година ќе продолжи со постапката на преземање на надлежностите од Месните заедници и пренесување на Јавното комунално претпријатие, со што ќе се добие одговорен субјект и поголема ефикасност во функционирањето на системите и поголема безбедност на водата за пиење од аспект на нејзината здравствена исправност.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од системите за водоснабдување и информирање на корисниците за квалитетот на водата го врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица, најмалку еднаш месечно.

Периодичните анализи се вршат двапати годишно во ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје.

2.1 <u>Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи</u>

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовни контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на теренските увиди, сите училишта и градинки добиваат извештај за утврдената состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно.

Посебен акцент ќе биде посветен на доследно почитување на мерките и протоколите за заштита од КОВИД-19.

3.1 <u>Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води</u>

Отстранувањето на цврстиот отпад во Општина Валандово се спроведува на следниот начин: во градот Валандово и во населените места Раброво, Пирава, Јосифово, Горна Маала, Удово, Брајковци, Балинци, Марвинци, Грчиште, Раброво, Чалакли, Дедели, Казандол, Башибос, Кочули и Калково го врши Јавното комунално претпријатие „Комунален сервис“, а во останатите населени места самите граѓани.

Општина Валандово во 2023 година ќе продолжи со пренесување на надлежностите и отстранувањето и депонирањето на цврстиот отпад на Јавното комунално претпријатие и во некои од останатите населени места. Со овие мерки општината паралелно ќе продолжи со постепеното елиминирање и на дивите депонии. Минатата година од страна на посебно формирана комисија од страна на градоначалникот, направено беше комплетно мапирање на сите постојни диви депонии во општината а преку ЈП „Комунален сервис“ Валандово се врши елиминација на истите.

На дневно ниво во просек се собира околу 54 m$^3$ комунален отпад, а во текот на една година околу 15.550 m$^3$ комунален отпад, кој го создаваат домаќинствата и истиот се депонира на депонијата „Сува река“. Депонијата „Сува Река“ се наоѓа на 5 km, оддалеченост од градот Валандово и истата зафаќа површина од 2000 m$^2$. Од минатата година истата е оградена, поставен е хидрански систем и чуварска служба.

На овој план неколку години наназад во тек се активности преку Владата на РСМ и Југоисточниот плански регион, за справување со постоечкиот проблем за управување со отпадот, со основање на регионална депонија.

Општина Валандово и во 2023 година ќе продолжи со изградба на канализационни системи за прифаќање и одведување на отпадните води во населените места. Со Програмата за 2023 година предвидено е да се отпочне со изградба на пречистителна станица во Валандово и да се изработи техничка документација за фекална канализација за Горна Маала.

Заради заштита од заразни болести:

- ќе се врши редовна дезинфекција на садовите за складирање на отпадот;

- во населените места каде што отстранувањето на отпадните води е во септички јами ќе се врши интервенција за нивно чистење преку ЈП „Комунален сервис", со специјализирано возило за чистење на септички јами, кое Општина Валандово го има набавено за таа намена, преку проектот „Набавка на механизација за подобрување на комуналните услуги во Општина Валандово" и го има отстапено на Јавното претпријатие.

4.1 Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и на други јавни површини

Заради поголема ефикасност, Општина Валандово и оваа година планира превентивната дезинсекција да ја спроведе како заедничка активност на општините од Југоисточниот плански регион. Притоа ларвицидната дезинсекција ќе се извршува според претходно утврдена динамика, а адултицидна дезинсекција ќе се изведува во неколку наврати според оперативен план, усогласен со акционниот план на Центарот за јавно здравје. Во функција на тоа општината веќе има извршено евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита и други лежишта на комарци.

Дератизација со поставување на мамци во шахти од фекална канализација ќе се реализира во месец Мај. Носител на оваа активност ќе биде Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово.

Дератизација и дезинфекција во другите јавни установи под надлежност на општината ќе врши секоја од јавните установи индивидуално.

5.1 Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

Здравствената едукација на населението ќе се реализира во соработка со Центарот за јавно здравје Струмица. Притоа населението редовно ќе се информира за вектор преносливите заразни заболувања преку учество на локалните медиуми, изработка на информативно-едукативни летоци, брошури и флаери. Непосредната комуникација на терен со месното население ќе биде важен сегмент со цел подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и справување.

6.1 Одржување на комуналната хигиена

Одржувањето на комуналната хигиена ќе се врши согласно Програмата на Советот на Општина Валандово за одржување на јавната чистота.

**III. Начин на финансирање**

Финансиските средства за превентивна дезинсекција се планирани со Буџетот на Општина Валандово за 2023 година во износ од 800.000,00 денари и 200.000,00 за ветеринарни услуги.

Финансиски средства за изградба на систем за водоснабдување со вода за домаќинствата за с.Калково се обезбедени и тоа: 61.186,00 ЕВРА (3.786.043,00 МКД) преку Европска Инвестициона Банка, 5.000.000,00 денари од Министерството за транспорт и врски и Општина Валандово со учество од 1.773.000,00 денари.

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Валандово, се планирани со Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, Програма Ј4 и истите изнесуваат 1.200.000,00 денари.

Финансиските средства за изградба на пречистителна станица ќе бидат од донација.

Финансиските средства за регулација на суводолица покрај локален пат кој ги поврзува село Јосифово, со село Горна Маала, Општина Валандово се планирани со Буџетот на Општина Валандово за 2023 година и истите изнесуваат 2.000.000,00 денари.

**IV.** Завршни одредби

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-31/16 — Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилник за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Правилник за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесеттата редовна седница, одржана на ден 31.03.2023 година.

Бр.09-382/5 — Градоначалник
03.04.2023 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

---

Врз основа на член 25од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14,199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), член85,86,87,88,89,90,91,92,93,94,95,96 и член 97 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14,48/15, 154/15, 5/16, 142/16,

11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 105, член 106, член 107, член 108, член 109, член 110, член 111, член 112, член113, член 127, член 128 и член 134 став 6 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 120/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.110/19,267/20, 151/21 и 288/21), член 13 од Законот за пожарникарството („Службен весник на РМ“ бр.67/2004, 81/2007, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19),член 16 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.51/20 и 172/21), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002)и член 45 од Статутот на Општина Валандово,а имајќи ги во предвид одредбите од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 32/17, 140/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.124/19, 239/19 и 41/22), Советот на Општина Валандово на дваесеттата редовна седница одржана на ден 31.03.2023 година, донесе:

## П Р А В И Л Н И К

### за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето

**Член 1**

Во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето бр.08-127/6 од 26.12.2022 година („Службен гласник на Општина Валандово“ бр.12/22) како и во Правилникот за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето бр. 08-8/5 од 31.01.2023 година („Службен гласник на Општина Валандово“ бр.1/23) се вршат следните измени:

- Во член 4, текстот по зборовите „и тоа:“, се менува и гласи:

“1. Командир на ТППЕ 547 бода;
2. Командир на одделение 405 бода;
3. Пожарникар спасител – водач на група 401 бода;
4. Пожарникар спасител – техничар 396;
5. Пожарникар спасител - 375 бода.

На вработен кој со овластување ги извршува работните задачи кои ги има Командирот на ТППЕ Валандово, му се зголемува основната плата за 20 бода”.

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Валандово”.

Бр.08-31/5 — Совет на Општина Валандово
31.03.2023 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков